Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"

Бр.-Nr. 03-208/1

27.02. 2025 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 188 став 6 , од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ број 104/19, 146/19,275/19,бр302/20,311/20,163/21,294/21,99/22и236/99), член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20,151/121и288/21)а во врска со член 20-д од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 и број14/20) в.д Директорот на Ј.У. Детски дом„ 11 Октомври" - Скопје,на ден 26.02.2025 година, ја донесе следната

# **О Д Л У К А**

## **за избор на кандидат за вработување на неопределено време**

1.За работно место СОЗ0303А04009-дипломиран социјален работник -еден(1) извршител се избра единствениот кандидат:

**Драгана Димковска**

2.Со избраниот кандидат од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределено(полно) работно време за работното место за кое е избран.

3.Донесената одлука ќе биде објавена на огласна табла и на интернет страница на Ј.У Детски дом„ 11 Октомври"- Скопје и ќе се достави до кандидатот кој ја помина административната селекција.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

в.д Директорот на Ј..У Детски дом „ 11 Октомври" – Скопје, постапувајќи согласно своите надлежности и ингеренции утврдени во Законот за социјалната заштита, Законот за работни односи и другите важечки закони, а врз основа на добиената Согласност за обезбедени финансиски средства во Буџетот на МТСП- писмо број 04-6173/3 од 18.11.2024 година од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, на ден 27.12.2024 година, во дневните весници Слободен печат и Коха објави јавен оглас број 12/2024 за вработување на 1 извршител( дипл. социјален работник)- на неопределено и полно работно време.

Согласно законските надлежности, в.д Директорот на Ј.У. Детски дом „11 Октомври" Скопје- формира Комисија за селекција за вработување по наведениот јавен оглас (Решение број 03-14/1 од 03.01.2024 година). Комисијата за селекција во функција на спроведување на постапката по објавениот јавен оглас број 12/2024 , ја спроведе постапката во две фази:администратина селекција и интервју на единствениот пријавен кандидат, за наведеното работно место.По завршената административна селекција , Комисијата изработи Записник од извршена административна селекција број 03-53/3 од 10.01.2025 година, со предлог кандидат за вработување, и истите ги достави до в.д Директорот на Установата.

Од причина што постапката се спроведуваше согласно одобрени средства за 2024 година, а истата во согласност со законските рокови не е завршена заклучно со 31.12.2024 година, в.д Директорката донесе Одлука со која ја стави во мирување постапката за вработување на еден давател на јавна услуга, до денот на добивање на позитивен одговор на барање на установата за продолжување на согласноста за финансиски средства од 2024 година за 2025 година (бр. 03-53/9 од 20.01.2025). На ден 26.02.2025 година добиена е писмена согласност за продолжување на важноста на првично одобрените финансиски средства од страна на Министерството за финансии со бр. 19-1474/2 од 13.02.2025 година по кое се продолжи постапката, и се донесува Одлуката за избор на кандидат.

Врз основа  на горенаведеното, согласно Годишниот план за вработување и предлогот за избор на единствениот кандидат кој во потполност ги исполнува сите услови по огласот,в.д. Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднсесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

в.д Директор
м-р Розетка Влаховиќ

**Одлуката да се достави до:**
- избран кандидат
- досие
- архива
- огласна табла